Р е п у б л и к а   С е в е р н а   М а к е д о н и ј а
**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
ул. "Сандо Масев" бр.1 2400 Струмица, Северна Македонија

тел. 034 348-030, 034 348-026, факс 034 320-544
www.strumica.gov.mk     sekretar@strumica.gov.mk

ISO 9001 Q-1072
ISO 14001 E-295

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 23-87/3
11.05. 2021 год.
СТРУМИЦА

**Правила за подготовка - аплицирање на предлог проекти и реализација на одобрени-финансирани проекти од Граѓански организации и Фондации од страна на Општина Струмица во рамките на Јавниот повик за прибирање предлог проекти по приоритетните области: „ Локален економски развој и Туризам, Социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата, Заштита на животната средина, Култура, Образование, Млади, од Програмата G1 Поддршка на ЛЕР од Буџетот на Општина Струмица за 2021 година.**

**Усогласени спрема ЛОД Методологијата, усвоена од страна на Советот на општина Струмица на седницата одржана на 13.11.2019 година**

***Важна напомена која се однесува на задолжително почитување на правилата во процесот на подготовка на предлог проектот со кој Здруженијата на граѓани ќе аплицираат на јавниот повик за 2021 година***

## ***<u>Правила за подготовка- аплицирање!</u>***

### ***Правило бр. 1***

1.1. Организацијата која има намера да аплицира на Јавниот повик за 2021 година, може да се јави како самостоен апликант, регистрирана како организација на територија на Општина Струмица и како апликант со друга партнер организација регистрирана на територија на Општина Струмица.
1.2. Организацијата која аплицира на Јавниот повик за 2021 година во партнерство со друга организација ќе има предност во процесот на евалуација пред другите организации кои аплицирале како самостојни апликанти.
1.3. Организацијата која се јавува како апликант на Јавниот повик 2021 година не смее да се јави како партнер на друг проект од друга организација(апликант) на истиот повик, односно партнер организацијата која веќе се јавува како партнер на проект на Јавниот повик за 2021 година не смее да се јави како самостоен апликант или партнер на друг проект.
1.4. Двете организации кои се јавуваат со заеднички проект на Јавниот повик за 2021 година без разлика дали се јавуваат како апликант или партнер организацијата во истиот проект ја имаат истата важност пред општината и нивната проектна апликација ќе има предност во процесот на евалуација пред другите апликации од организации кои се јавуваат како самостојни апликанти на истиот Јавен повик.
1.5. Апликантите кои се јавуваат на Јавниот повик за 2021 година, а во предходните две години не се финансиски поддржани од општината во рамките на предходните јавни повици или на било кој друг начин од Буџетот на општината, ќе имаат предност пред другите апликанти кои во предходните две години биле поддржани финансиски од општината, се разбира доколку ги задоволат останатите критериуми во јавниот повик- во рамките на поднесената целокупна пректна документација.

***Правило бр. 2***

2.1. Предлог проектот со кој граѓанската организација (апликантот) аплицира на Јавниот повик за 2021 година, мора да бидат целосно компатабилен со наведените приоритетни области и точно наведени под теми во јавниот повик, опишани и во насоките и упатствата составен дел на јавниот повик.

2.2. Не е дозволено никакво тематско отстапување на предлог проктите со кои се аплицира од наведените приоритетни области и под теми дадени во јавниот повик и во насоките за аплицирање.

***Правило бр. 3***

3.1. Проектите мора да бидат иновативни, реално остварливи со индикатори за успех и потврдени резултати кои во иднина ќе гарантираат негова одржливост.

3.2. Предлог проктите со кои апликантите се јавуваат на Јавниот повик за 2021 година, односно нивната реализација мора исклучиво да биде базирана на Подобрување на условите за живот и функционирање на целната група на која се однесува проектот со особено внимание во услови на КОВИД 19 преку:

- **Унапредување или подобрување на инфраструктурата (економска, социјална, еколошка, образовна, здравствена, културолошка, младинска)**
- **Социјални сервисни услуги за сите ранливи категории на граѓани на територија на Општина Струмица**

3.3. Предлог проектите во целост мора да бидат усогласени спрема важечките Уредби и Мерки на Владата на Република Северна Македонија донесени заради заштита на јавното здравје како причина од состојбата со КОВИД 19 во државата, во моментот на неговата имплементација и во таа насока однапред да имаат планирани и прикажани можни ризици.

***Правило бр. 4***

4.1. Апликантите кои имаат намера да аплицираат на Јавниот повик за 2021 година во процесот на буџетирање(планирање) на буџетот на предлог проектот мора да имаат во предвид дека општината согласно усвоената Методологија за распределба на финансиски средства по јавен повик од Програмата Г1-поддршка на ЛЕР, може да поддржи проект со најмногу 250.000,00 денари и најмалку 60.000,00 денари во зависност од освоените бодови по утврдените критериуми за евалуација и оценка.

4.2. Апликантите мора во процесот на буџетирање на предлог проектот да обрнат внимание на единствено прифатливата буџетската структура на предлог проектот(главни три буџетски линии):

1. **Индиректни трошоци**

   1.1. Човечки ресурси и други технички ресурси

   (најмногу 20% од доделениот грант-финансиска помош)

2. **Директни трошоци**
   2.1. Инфраструктура(набавки, зафати, интервенции, или
   2.2. Социјални сервисни услуги
   (најмногу 75% од доделениот грант-финансиска помош)

3. **Видливост-промоција**
   3.1. Печатена или медиумска промоција
   (најмногу 5 % од доделениот грант-финансиска помош)

4.3. Апликации, односно Предлог проекти со прикажано сопствено учество (сопствени финансиски средства или финансики или материјални средства обезбедени како донација од општествено одговорни компании, за кои е приложен и соодветен доказ ќе се земат во предвид како предност во процесот на евалуација - оценување)

4.4. Предлог проектите(реализацијата) треба да биде планирана во рамките на 6 месечен период на имплементација.

## <u>Важна напомена за апликантите!</u>

- **Општина Струмица во рамките на Јавниот повик за прибирање предлог проекти по приоритетните области: „ Локален економски развој и Туризам, Социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата, Заштита на животната средина, Култура, Образование, Млади, од Програмата G1 Поддршка на ЛЕР од Буџетот на Општина Струмица за 2021 година *<u>не поддржува проекти во кои има:</u>***
  **1. Едукации, обуки и семинари**
  **2. Настани и работилнци(online или со друг вид на присуство)**
  **3. Истражувања**
  **4. Хонорарен ангажман на надворешни лица (експерти и консултанти)**

- **Сите апликанти кои се јавуваат на Јавниот повик за 2021 година, мораат да достават комплетна пријава со целокупна документација опишана во јавниот повик и насоките за аплицирање, во спротивно без отстапки ќе бидат иземени од понатамошниот процес на евалуција-оценување.**
- **Сите проектни активност мора да бидат усогласени во рамките на важечките Владини и општински одлуки, насоки и протоколи во услови на КОВИД 19.**

## *<u>Правила за реализација –имплементација!</u>*

### *<u>Правило бр. 1</u>*

1.1. Реализацијата на предлог проектите мора да биде планирана во период од 6 месеци.
1.2. Реализацијата на предлог проектите мора да започне најкасно на 01.07.2021 година а да заврши последниот ден од последниот месец од вкупниот временски период на планираната реализација (30.12.2021 година)

1.3. Дозволено е евентуално продолжување на проектот од еден месец до 31.01.2022 или дополнителни два месеци во услови на евентуално усложнување на епидемиолошката слика од КОВИД 19 во општината или состојби предизвикани од Виша сила.

***<u>Правило бр. 2</u>***

2.1. Одобрените предлог проекти се финансираат од Буџетот на општина Струмица од планираните финансики средства во Програмата Г1-Поддршка на ЛЕР по претходно јавно објавеното Решение од Градоначалникот за финансирање на проекти од Граѓански организации, објавено на општинската веб страница.

2.2. Највисокиот износ кој ќе се доделува за проекти е 250.000,00 денари и тоа на проекти со освоени максимални 100 бода.

2.3. Најнискиот износ кој ќе се доделува за проекти е 60.000,00 денари во согласност со освоените бодови како **пропорционален соодност со освоените бодови соодветен на побараната финансика поддршка од општината**.

2.4. Секторот за Финансии и Буџет при Општината, одобрените финансиски средства како грант за секој одобрен проект по Решението за финансирање од Градоначалникот ги префрлува на три еднакви транши посебно на секое здружение апликантили носечка организација(посебна донаторска сметка за проектот) согласно моменталните состојби на општината кои се однесуваат на исполнувањето на Буџетот.

2.5. Во услови на настанати проблеми во однос на исполнувањето на Буџетот за 2021 година општината го задржува правото на прекин на грантот и за тоа не превзема одговорност пред грантистите.

***<u>Правило бр. 3</u>***

3.1. Периодот за подготовка на предлог проектите и аплицирање(прибирање) на истите по јавниот повик е 30 дена од денот на објавувањето на јавниот повик сметан и денот на објавувањето.

3.2. Заради транспарентност во постапката, општината во рамки на инфо денот иницира избор на лице -претставник на Граѓанските организации во својство на посматрач на работата на Комисијата за евалуација и оценување во процесот.
Лицето самостојно си го бираат присутните претставници на граѓанските организации на денот на одржувањето на инфо денот..

3.3. Заради транспарентност во постапката, општината по објавувањето на јавниот повик, во рок од 5 дена организира инфо ден на кој со објава на општинската веб страница и преку локалните медиуми ги информира и повикува сите Граѓански организации регистрирани на територија на Општина Струмица за започнувањето на постапката согласно сите протоколи насоки и упатства Во услови на КОВИД 19! Можно е и инфо денот да биде организиран како online средба.

3.4. Како можност за прашања и одговори по процедурата, општината остава простор уште 10 дена во рамките на тековните 30 дена период за аплицирање. Прашањата се поставуваат на маил адреса на одговорното контакт лице дадена во јавниот повик. Општината не одговара на телефонски јавувања..

3.5. Именуваната Комисија за евалуација и оценување со Решение од Градоначалникот, евалуацијата и оценувањето ја врши во согласност со критериумите за евалуација и оценување спрема прифатената и усвоена од страна на Советот на Општината, ЛОД Методологијата. Заради непристрасност и професионалност во постапката таа потпишува изјава. Комисијата не

смее на апликантите и други лица да дава информации за процесот и постапката и критериумите.

**_Правило бр. 4_**

4.1. По објавувањето на Решението од Градоначалникот за распределба на финансиските средства по проекти во рамките на јавниот повик, општината во рок од 5 дена склучува поединечни договори со сите грантисти во кои се регулираат меѓусебните права и обврски на договрните страни.

4.2. Одобрените финансиски средства, општината по договор ги трансферира на носечката организација која се здобила со правото да користи општински буџетски средства на три на проектот.

**_Правило бр. 5_**

5.1. Организациите кои се здобиле со право на користење финансиски средства од општината, единствено можат истите да ги користат на начин прикажан и одобрен во буџетот за секоја буџетска линија –поединечна активност(ставка) и не смеат да вршат прелевање од ставка во ставка или буџетска линија и тоа на месечно ниво.

5.2. Организациите кои се здобиле со право на користење финансиски средства од општината, реализацијата на активностите мора да ја вршат согласно прифатениот и одобрениот план на активности во прикажаната временска рамка без отстапки освен во случај на Виша сила.

5.3. Организациите кои се здобиле со право на користење финансиски средства од општината, на крајот на реализацијата поднесуваат завршен комплетен наративен и финансиски извештај со цела комплетна документација за проектното и финансикото работење.

5.4. Општината доколку констатира од извештаите дека Организацијата која користи општински буџетски средства не постапувала соодветно на договорот и во таа насока работела погрешно како во однос на проектното работење така и во однос на финансиското работење го задржува правото на повраќај на финансиските средства.

5.5. Општината целиот процес го следи и контролира преку работата на Комисијата за следење и го почитува нејзиниот стаф и мислење и постапува согласно истото.

5.6. Секоја организација која како грантист користи општински буџетски средства има обврска во сите свои печатени материјали и јавни настапи поврзани со проектот кој што е предмет на склучениот Договор, да наведе дека се реализира во партнерска соработка со Општина Струмица, односно на видливо место на печатените материјали или на објавите на веб страницата на организацијата, или на новите медиуми (ФБ) треба да стои логото на двете партнер организации.

5.7. Имплементирачката организација е должна да врши објава на главните клучни активности и во таа насока достигнување и резултати на своите веб страни или на ФБ како и на општинската Веб страница редовно да ги информира граѓаните за сите проектни тековни и во таа насока завршни активности..

**_Правило бр.6_**

6.1. Општината и грантистите согласно одредени состојби предизвикани од Виша сила, особено од евентуални нови несакани состојби предизвикани од КОВИД 19 се согласни по предходен договор да ги менуваат или ја прекинат реализацијата на проектните активности доколку се констатира дека истите не е возможно да се реализираат и во таа насока да го прекинат нивното финасирање.

***Правило бр.7***

7.1. Во однос на транспарентноста и отчетноста општината, јавниот повик го објавува на својата веб страница и во локалните медиуми.

7.2. Резултатите од евалуацијата и оценувањето ги објавува на општинската веб страница .

7.3. Редовно подготвува прилози и објави на својата веб страница и ФБ профил са секоја од реализациите и достигнувањата на поединечните прокти. Објавува.

7.4. По завршувањето на реализацијата на сите проекти од грантистите за 2021 година општината подготвува извештај за достигнувањата и постигната промена.

7.5. Доколку се случат било какви неправилности или прекин на финансирањето на проектите на било кој од грантистите заради неправилности и не добро управување со проектниот и финанскиот циклус, општината без исклучок на својата веб страница јавно ќе ги објави истите и причините за тоа.

**Градоначалник**
**на општина Струмица**
**Коста Јаневски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА СТРУМИЦА